Ул. ДимитарВлаховбр. 39
Тел/факс: +389 34 611 633
www.ozstrumica.mk
e-mail: ozstrumica@yahoo.com

# Извештај за Community Score Card
## во рамки на проектот„Социјална отчетност за родова еднаквост“

**Септември 2019**

Проектот е финансиран од Европската Унија

ЕУ за ТЕБЕ!

# Содржина

Извештај за Community Score Card ........................................................................................ 3

1. Вовед .................................................................................... Error! Bookmark not defined.

1.1 Опис на заедницата во која е спроведено истражувањето ............................................ 3

1.2 Опис на методологијата по која е спроведено истражувањето ...................................... 5

2. Клучни наоди и заклучоци ..................................................................................................... 8

3. Резултати .................................................................................................................................. 8

3.1 Пристап до услуги за вработување преку регистрација во АВРСМ .................................. 8

3.2 Степен на информираност на граѓаните за пристап до програмите, мерките и услугите за вработување ...................................................................................................................... 9

3.3 Запознаеност со поединечните мерки и услуги за вработување ..................................... 9

4. Степен на користење на услугите за вработување ............................................................... 9

5. Стапка на вработување како резултат на мерките и услугите за вработување ...................... 10

6. Препораки на граѓаните ...................................................................................................... 10

# Извештај за Community Score Card

## Вовед

Во текот на 2019 година, во рамки на проектот „Социјална отчетност за родова еднаквост“ (http://socijalnaotcetnostzarodovaednakvost.mk/), спроведено е истражување во две населени места во општина Струмица, поточно во село Дабиле и село Добрејци.

**Општата цел** на проектот е да се формира национална граѓанска мрежа заради унапредување на општествената одговорност за родова еднаквост. Најмалку шест организации членки на мрежата ќе усвојат рамка за граѓанско учество на жените, ќе користат ефективни методологии за оспособување на жените да ја држат владата на одговорност и ќе се залагаат за родово одговорно буџетирање и испорака на услуги приспособени кон потребите на жените.

**Посебни цели:**

- Следење и оценување на ефикасноста и ефективноста на буџетските трошоци и обезбедување услуги во областа на активните мерки за вработување;
- Подигнување на капацитетите на локалните НВО и локалните заедници (жените и мажите) за примена на методологии за општествена одговорност при заговарање родова еднаквост;
- Подобрување на јавната видливост на прашањата за транспарентност и одговорност во областа на родовото планирање и буџетирање на политиките.

*„Социјална отчетност за родова еднаквост“ е проект чија имплементација финансиски е поддржана од Европската Унија, а е спроведен од Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените (ЕСЕ) во партнерство со Здружението за унапредување на родовата еднаквост – Акција Здруженска и четири локални граѓански организации (Младинскиот културен центар од Битола; Женскиот форум од Тетово; Организацијата на жени на Струмица и Граѓанската иницијатива на жени од Свети Николе).*

### 1.1 Опис на заедниците во кои е спроведено истражувањето

Село Дабиле и село Добрејци се едни од најблиските населени места до градот Струмица.

Село Добрејци се наоѓа на само 3 километри оддалеченост од градот и според последниот попис на населението од 2002 година, брои 1.764 жители (917 мажи и 847 жени). Сепак, иако е најблиску до градот, се карактеризира со лоша локална инфраструктура, неуредени јавни површини и со непостоење на капацитети за културно-забавни и спортско-рекративни активности. Зградата на училиштето е во незавидна состојба и во дворот на истото не постојат реквизити за училшно – спортски активности, просториите на Домот на културата не се во функција на жителите, нема здравствена амбуланта итн.

Населеното место Дабиле е на 4 километри оддалеченост од градот Струмица. Има вкупно 1.946 жители (попис од 2002 година), од кои 946 се жени и 1.000 мажи. Се наоѓа на

магистралниот пат кон Република Бугарија. Локална инфраструктурата е на солидно ниво. Селото се карактеризира со асфалтирани патишта, пешачки патеки, зградата и дворот на училиштето се во одлична состојба итн. Јавните површини (паркови, фонтана), не се одржуваат и затоа не се во функција на локалното население.

Населението и во двете населени места претежно се занимава со земјоделска дејност.

Социо - економската состојба на населението кое живее во двете населени места, утврдена преку детално мапирање на истите и влез во домаќинствата кои живеат во населените места, се разликува во зависност од заедницата.

Во февруари 2019 година беше спроведен процес на мапирање во двете населени места. Измапирани се вкупно 170 домаќинства, односно 514 членови на домаќинства (258 жени и 256 мажи). Вкупниот број на невработени членови во домаќинствата изнесува 220, од кои 125 се жени, а 95 се мажи. Ниту едно лице нема користено некоја од активните мерки за вработување на АВРСМ.

Бројот на вработени лица во мапираните домаќинства изнесува 294, односно 133 вработени жени и 161 вработен маж. Од вкупниот број на вработени лица, само еден граѓанин е корисник на една од мерките на АВРСМ (Практиканство).

Етничкиот состав на населението е од македонска етничка припадност во двете заедници.

Надополнување на описот на заедницата во која е спроведено истражувањето даваат и податоците за образовната структура на анкетираното население од двете населени места. Според податоците за невработени лица од истражувањето, 112 од испитаниците (56,28%) се со завршено средно образование, потоа 74 лица (37,19%) се со завршено основно образование, 7 испитаници се со завршено више образование (3,52%), 4 се со високо образование (2,01%) и двајца испитаници се со незавршено средно образование (1,01%).

| **Степен на завршено образование** | **Жени** | **Мажи** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Завршено основно образование** | 38 | 36 | 74 |
| **Незавршено средно образование** | 1 | 1 | 2 |
| **Завршено средно образование** | 54 | 58 | 112 |
| **Више образование** | 3 | 4 | 7 |
| **Високо образование** | 1 | 3 | 4 |
| **ВКУПНО** | 97 | 102 | 199 |

## 1.2 Опис на методологијата по која е спроведено истражувањето

Методологијата која е применета за реализација на ова истражување опфаќа :

- **Мапирање на заедниците**

Мапирањето беше спроведено преку теренски посети во домаќинствата во двете населени места. Целта на истото беше да се утврди на бројот на домаќинства, бројот на членови на домаќинствата, број на мажи и на жени, број на вработени и невработени жени и мажи во двете заедници, заради подоцнежно поедноставно и попрегледно реализирање на интервјуата на терен со граѓаните. При процесот на мапирање на заедницата, преку две директни средби со жителите на двете населени места, изработени се и мапи на заедниците.

- **Теренско интервјуирање од врата на врата во таргетираните заедници**

Теренското интервјуирање од врата на врата во двете населени места се вршеше по претходно подготвен прашалник. Се евидентираа и се интервјуираа само невработените членови на домаќинството над 18 години, поточно граѓаните кои се регистрирани како невработени лица во АВРСМ, но и лицата кои не се регистирираат во Агенцијата. Исто така, беа анкетирани и лица кои се вработени како резултат на користење на некоја од активните мерки за вработување на АВРСМ.

Во текот на теренското истражување опфатени се вкупно 199 невработени лица и едно лице кое е вработено како резултат на активните мерки и услуги на АВРСМ, односно на мерката Практиканство.

Согласно методологијата, во текот на истражувањето беа спроведени 199 интервјуа со сите евидентирани невработени граѓани и едно со корисникот на мерката Практиканство. Спроведени се 100 интервјуа во село Дабиле (53 мажи и 46 жени) и 100 интервјуа во село Добрејци, од кои 48 интервјуа со мажи и 52 со жени.

- **Внесување на дадените одговори на прашалниците добиени при спроведувањето на интервјуата на терен со граѓаните од двете населени места во електронска база на податоци**

**- Поднесување на барања за слободен пристап до информации од јавен карактер до подрачната единица на АВРСМ Струмица**

Поднесени се вкупно 175 барања за слободен пристап до информации од јавен карактер до Агенцијата за вработување Струмица и на истите се добиени одговори во законски предвидениот рок.

- **Внесување на добиените одговори од доставените барања за слободен пристап до нформации од јавен карактер во електронска база на податоци**

- **Организирањеи одржување на фокус групи со невработени лица од двете населени места, спроведени врз основа на детални насоки за спроведување на фокус група и претходно подготвен прашалник**

Фокус групите се спроведоа во текот на месец јули 2019 година и на нив учествуваа вкупно 20 невработени лица од двете заедници (11 жени и 9 мажи).

*Село Дабиле:* 10 учесници на фокус групата, од кои 5 жени и 5 мажи.

*Село Добрејци:* вкупно 10 учесници, од кои 6 жени и четворица мажи.

Целта на фокус групите беше да се утврди дали невработените лица се запознаени со активните мерки и услуги кои ги нуди АВРСМ, дали истите ги користат и ако ги користат, дали се задоволни од нив, дали тие ја постигнуваат целта и што треба да се промени во насока на излегување во пресрет на потребите на невработените лица.

- **Изработка на Скор Картичка врз основа на резултатите од финалната електронска база на податоци (добиена од резултатите од спроведеното интервјуирање помеѓу членовите во заедниците)**

Скор Картичката ги содржи финалните резултати од одговорите на прашањата од спроведените интервјуа на терен со граѓаните од двете заедници, поделени по категории и просекот на резултатите од секоја категорија во проценти е означен со адекватна боја (црвена, жолта или зелена). За одредување на бојата на резултатот користена е легенда според која резултатите од 0% - 50% се означени со црвена боја, од 50% - 75% со жолта боја и резултатите од 75% - 100% се означени со црвена боја.

ЛЕГЕНДА НА СКОРИНГ:

| |
|---|
| 0 – 50% |
| 51% - 75% |
| 76% - 100% |

***Оценка на категории:***

1) Пристап до услугите преку евидентирање на граѓаните во евиденцијата на АВРСМ
2) Степен на информираност на граѓаните за мерките,програмите и услугите за вработување
3) Степен на информираност на граѓаните со поединечни мерки и услуги за вработување
   3.1. Поддршка за самовработување(претприемништво)
   3.2. Поддршка за креирање на нови работни места
      - Субвенционирање на плати
      - Вработување и раст на правни субјекти
      - Поддршка за вработување на лица со попреченост
   3.3. Обуки
      - Обука на работно место за познат работодавач
      - Обука за стручни квалификации според барање на работодавачите
      - Обука за стручни квалификации според барање на познат работодавач
      - Обука за побарувани занимања и занаети

3.4. Обука за развој на дигитални вештини

- Пилот обуки за побарувани дигитални вештини (со кофинансирање)
- Обуки за напредни ИТ вештини
- Обуки за напредни ИТ вештини (со кофинансирање)
- Воведни обуки за ИТ вештини (online)

3.5. Практиканство

3.6.Програмазаработно ангажирање

- Општинско корисна работа
- Јавни работи

3.7. Услуги за вработување

- Помош при барање работа
- Мотивациони обуки
- Обука за подготовка за вработување и за работа
- Професионална ориентација и кариерно советување
- Активација на невработени Роми
- Посредување при вработување
- Услуги за работодавачи
- Анкета за потреба од вештини на пазарот на трудот
- СИМ – Советување и мотивација за користење на гарантирана минимална помош
- Гаранција за млади

4) Степен на користење на мерките и услугите за вработување

5)Стапка на вработување како резултат на мерките и услугите за вработување.

## 1. Клучни наоди и заклучоци

- Само едно од интервјуираните 200 лица се вработило како резултат на  користење на некоја од активните мерки за вработување на АВРСМ (Практиканство)
- Ниту едно од интервјуираните 200 лица не ги користело мерките Поддршка за самовработување (Претприемништво) и Субвенционирање на плати
- 139 од интервјуираните лица не се регистрираат како невработени во АВРСМ
- Дури 107 лица (53,80%) не се регистрираат затоа што АВРСМ со услугите кои ги нуди не им помогнала да најдат работа
- Ниту едно од вкупно 59 регистирани лица не користело одредени мерки и услуги на АВРСМ.
- За сите испитаници е ограничен е пристапот т.е. ниеден од нив не ги користел  услугите на АВРМ, како: помош при барање работа, обика за вработување и барање работа, мотивациони обуки, посредување при вработување, подготовка при вработување и барање работа, обука за животни вештини и подготвениост за работа,  професионална ориентација и подготвеност за работа, услуги на активирање поединци изложени на ризик од социјално исклучување, едукација за користење на он лајн услуги и саеми за вработување, се ограничени за сите граѓани, односно ниеден од испитаниците не ги користел истите.

## 3. Резултати

### 3.1 Пристап до услуги за вработување преку регистрација во АВРСМ

| | |
|---|---|
| ПРИСТАП ДО УСЛУГИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ПРЕКУ РЕГИСТРАЦИЈА ВО АВРМ | 29,60% |

Врз основа на наодите добиени преку теренското истражување само 59 (29,60 %) од 199 невработени лица се регистрирани во АВРСМ. Вкупно 139 лица не се регистрираат како невработени, а едно лице одбива да одговори дали се регистрира или не во АВРСМ. Од вкупниот број на нерегистрирани, дури 88 лица (63,31%)не се регистрираат 2 години и повеќе, а 41 (29,50%) не можат да одредат колку долго не се регистрирани во Агенцијата. Само 3 испитаници (2,16) не се регистрирани 1 месец, една година 7 лица (5,04%), а 41 лице (29,50%) не можат да одредат колку долгу не се регистрираат во АВРСМ.

На прашањето поради која причина не се регистрираат, најголем дел од испитаниците, односно 107 лица (53,80%) имаат наведено дека АВРСМ со услугите кои ги нуди не им помогнала да најдат работа. За само 10 испитаници времето за пријавување од еден месец е премногу кратко, а за осум лица времето за пријавување од шест месеци е кратко. Вкупно 31 лица имаат одоговорено дека не се пријавуваат заради други причини, како: заминување во странство, од здравствени причини, поради занимавање со земједелска дејност итн.

„Немаше никаков ефект од редовното пријавување во АВРМ, тоа претставуваше губење време, одење и враќање до Струмица, само за да ми го запишат датумот во картончето

за следното пријавување“,  вели една од учесничките на фокус групата организирана во село Дабиле.

Според најголем дел од учесниците на фокус групата во село Добрејци, „Одењето секој месец во подрачната единица на АВРМ во Струмица претставува трошок, а за возврат не добиваме никаков бенефит од  пријавувањето“.

### 3.2 Степен на информираност на граѓаните за пристап до програмите, мерките и услугите за вработување

Во теренското интервјуирање сите регистрирани лица, односно 58 од вкупно 59  лица (98,30%), се имаат изјаснето дека не знаат оти имаат право за пристап до програмите, мерките и услугите за вработување на АВРСМ.

Исто така, ниту еден од учесниците на фокус групите во двете населени места не е запознаен со ниту една од услугите кои ги нуди АВРСМ.

### 3.3  Запознаеност со поединечните мерки и програми за вработување

| | |
|---|---|
| **ЗАПОЗНАЕНОСТ СО ПОЕДИНЕЧНИТЕ МЕРКИ И ПРОГРАМИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ** | 0% |

Според наодите од спроведената фокус група во село Дабиле,само еден учесниик  е запознаен со постоењето на Програмата за самовработување. За истата се информирал преку веб страни и социјалните мрежи, но не е запознаен со деталите за условите и критериумите за користење на мерката.

Ниту еден од учесниците на фокус групата во село Добрејци не е запознаен со поединечните мерки и програми за вработување на АВРСМ.

## 4. Степен на користење на услугите за вработување

Ниту едно од вкупно 59 регистрирани невработени лица не користело одредени мерки и услуги на АВРСМ.

| | |
|---|---|
| **СТЕПЕН НА КОРИСТЕЊЕ НА УСЛУГАТА**<br>- **Помош при барање работа**<br>- **Мотивациони обуки**<br>- **Обука за подготовка за вработување и за работа**<br>- **Професионална ориентација и кариерно советување**<br>- **Активација на невработени Роми**<br>- **Посредување при вработување**<br>- **Услуги за работодавачи**<br>- **Анкета за потреба од вештини на пазарот на трудот** | 0% |

| | |
|---|---|
| - **СИМ – Советување и мотивација за користење на гарантирана минимална помош**<br>- **Гаранција за млади** | |

## 5. Стапка на вработување како резултат на мерките и услугите за вработување

Само едно од анкетираните 200 лица е вработено како резултат на некоја мерка или услуга за вработување, односно на мерката Практиканство и истото е задоволно од користење на мерката. Корисникот за мерката бил информиран од страна на компанијата во која работел.

## 6. Препораки на граѓаните

Врз основа на одговорите од теренското интервјуирање, граѓаните ги дадоа следниве препораки:

- Најголем дел од испитаниците односно 64.40 % сметаат дека АВРСМ треба пред се да ги информира невработените за мерките и услугите;
- Да се воведат нови мерки и услуги (8,50%);
- Да се подобри квалитетот на веќе понудените мерки и услуги (15,30%);
- Да се работи повеќе со невработените лица (11,90%)
- Да се намали ограничувањето на возраста за мерките кои ги нуди АВРМ;
- Да се воведат мерки за женско претприемништво;
- Да се воведат мерки за земјоделци.

**Препораки од невработените лица – учесници на фокус групите**

- АВРСМ треба да организира барем по една средба годишно во секое населено место, пример во просториите на месните заедници, на која вработените од Агенцијата ќе ги информираат жителите за мерките и услугите кои ги нуди;
- Информативно-едукативни материјали (брошури) во кои ќе се наведени сите мерки и услуги кои ги нуди АВРСМ. Секое лице кога ќе оди да се евидентира како невработено да добие таков материјал и на тој начин секој би бил информиран за мерките и услугите на АВРСМ;
- Најмалку два пати годишно гостување на вработени лица од АВРМ на локална телевизија, преку кое ќе ги информираат граѓаните за мерките и услугите кои ги нудат.
- Средби на вработени од АВРСМ со месното население на кои ќе ги презентираат мерките и услугите за невработени лица. Граѓаните имаат поголема доверба во граѓанските организации и затоа, потребно е на средбите да присуствуваат и претставници од граѓанските организации.
- Заради неселективност при распределба на мерките се распределуваат селективно, во процесот на селекција на кандидатите за користење на истите да има и учество на претставници од граѓанските организации.